Влада на Република Северна Македонија

# Национална стратегија за безбедност на Република Северна Македонија

# 2024-2029

# Содржина:

Вовед ………………………………………..………………………….. стр.3

I - Остварување на националните безбедносни интереси на Република Северна Македонија ……………….….…….………………..…… стр. 5

II - Процена на безбедносната средина ……………………..…..…..… стр.6

III - Главни цели на политиката во поддршка на националните безбедносни интереси ………………………………….……………..… стр.17

IV - Управување со националната безбедност …..…………....…… стр. 34

Индекс на кратенки ………………………………..…...…………..… стр.36

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 17 став 1 точка 8) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „ Службен весник на Република Северна Македонија"бр.42/20), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14.05.2024 година, донесе:

# Национална стратегија за безбедност

## ВОВЕД

Националната безбедност на државата, заштитата на независноста, суверенитетот, уставното уредување, основните права и слободи на човекот и граѓаните се столбови на кои почива уставното уредување на Република Северна Македонија. Безбедната и стабилна средина овозможува функционирање на нашиот демократски уставен поредок, заштита на човековите права и слободи, одржлив економски раст, функционално мултиетничко општество и е можност за нашите граѓани да го достигнат својот личен потенцијал.

Република Северна Македонија е мултиетничка либерална демократија која е фактор за безбедност во регионот. Како посветена и кредибилна членка на Северноатлантската алијанса (НАТО) и идна членка на Европската Унија (ЕУ), целосно ги прифаќа обврските и одговорностите на евроатлантската и европската интеграција и е посветена на патот кој обезбедува слободна и просперитетна иднина за својот народ. Обврска на Република Северна Македонија е да ги брани своите граѓани, нејзините вредности, националното владеење и меѓународниот ред заснован на меѓународното право и домашната легислатива, од кои зависат слободата, демократијата и напредокот.

Руската воена агресија врз Украина, проследена со променливи геополитички процеси, е фактор што ја влошува безбедноста не само во Европа, туку и на глобално ниво. Таквата ситуација предизвикува секундарни кризи во енергетскиот сектор, транспортот, раст на инфлацијата, прекин на индустриските текови во производството и снабдувањето со енергијата и другите производи. Постои одреден ризик од проширувањето на војната во Украина и/или ескалација на интензитетот на воените дејства. Технологиите за двојна намена, кои се лесно достапни на пазарот, исто така добиваат на интензитет.

Светот се соочува со конвергенција на меѓународните закани и нестабилност без преседан, по неиспровоцираната воена агресија на Русија врз Украина. Мирот во евроатлантската

заедница е нарушен со конвенционална војна. Руската Федерација (РФ) ги прекрши нормите и принципите кои придонесоа за стабилен и предвидлив европски безбедносен поредок. РФ е најзначајната и најдиректната воена закана за безбедноста на сојузниците и за мирот и стабилноста во евроатлантската област. Тероризмот, во сите негови облици и манифестации, е најдиректната асиметрична закана за безбедноста на нашите граѓани и за меѓународниот мир и просперитет. Нестабилноста на Блискиот Исток, како и променливата безбедносна слика во земјите од Северна и Субсахарска Африка, создаваат дополнителни предизвици за безбедноста и стабилноста, вклучително и на економските и трговски текови. Заканите со кои се соочуваме се глобални и меѓусебно поврзани.
На внатрешен план, борбата против корупцијата, организираниот криминал и владеењето на правото, остануваат приоритет. Секое заостанување во насока на унапредување на механизмите за борба против корупцијата и организираниот криминал ќе ги наруши безбедноста и функционирањето на државата.

Како земја членка на НАТО, Северна Македонија има обврска да гради современ безбедносен систем, што ќе биде подготвен да реагира превентивно и соодветно на безбедносните закани, предизвици и ризици на национално и регионално, но и на меѓународно и глобално ниво. Член 3 од Северноатлантската повелба бара од државата да има задоволителни и одлучни капацитети, кои ќе можат соодветно да се приспособуваат на потребите за справување и решавање на целиот спектар на кризи со кои може да се соочи Алијансата. Членството во НАТО бара сеопфатна општествена подготвеност за да се намалат потенцијалните слаби страни и ризици од напад во време на мир, криза, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата на граѓаните и суверенитетот на земјата, одржувањето стабилна економија, испорачувањето неопходни услуги, одржувањето инклузивно и функционално мултиетничко општество, отпорно на какви било потреси и кризи, бара интегрирани напори на целата влада. Овој пристап се реализира преку развивање и спроведување на Национална стратегија за безбедност.

Националната стратегија за безбедност (НСБ) е синхронизирана стратегија на ниво на цела влада и општество, со синтетизирани ресурси за заштита и промоција на безбедносните интереси на нацијата. Тоа е суштински стратешки документ кој нуди обединувачка визија за државата и дефинира безбедносни интереси и цели за сигурно, стабилно и отпорно општество. НСБ ги разграничува одговорностите на соодветните министерства и агенции и ги насочува кон развивање придружни стратегии, политики, законодавство и барања за

ресурси потребни за спроведување, надзор и остварување. За домашната и надворешната публика, НСБ го покажува местото на земјата во регионален, европски и глобален контекст и како тоа се манифестира во односите со ООН, ЕУ, НАТО и другите мултинационални безбедносни структури, како и на билатерално ниво. Имплементацијата на НСБ ќе се координира преку систем за управување со националната безбедност, односно структура за координација на целата влада осмислена за поддршка на имплементацијата на одредбите на НСБ, сеопфатниот развој на безбедносните политики и носењето одлуки во кризни и мирновременски состојби.

Оваа НСБ ќе ги насочува институциите координирано да работат за безбедна и цврста држава, вклучувајќи ги чинителите од општеството. Граѓаните на државата, исто така, играат клучна улога и придонесуваат кон безбедноста. Оттаму, клучна задача на институциите е да ги подготват граѓаните за оваа улога, преку создавање култура на свесност за безбедноста и учеството во неа. Единствениот одговор на денешните сложени закани е токму пристапот на целата влада и целото општество.

## I - Остварување на националните безбедносни интереси на Република Северна Македонија

За да се обезбеди сигурност и стабилност на Републиката и безбедна иднина на нејзините граѓани, од суштинско значење за владата и општеството, низ сеопфатен пристап е:

- ги чуваат независноста, суверенитетот, територијалниот интегритет и унитарниот карактер на државата и да ја одржуваат безбедноста на нејзините граѓани;
- ги чуваат демократијата, заштитуваат граѓанските права и слободи, да го спроведуваат владеењето на правото еднакво за сите граѓани;
- промовираат економска стабилност и развој и да обезбедат добросостојба за сите граѓани;
- промовираат кохезија на мултикултурното и мултиетничко општество, преку зачувување на националниот идентитет, наследство и култура, истовремено унапредувајќи ги заедничките демократски вредности на Републиката;
- одржуваат стабилна  евроатлантска ориентација, преку посветеност на членството во НАТО, грижата за безбедноста во трансатлантската област и забрзување на пристапувањето во ЕУ;
- го чуваат и штитат меѓународниот поредок заснован на правила во единство со НАТО и сојузниците, Европската Унија и партнерите.

## II - Процена на безбедносната средина

Република Северна Македонија е членка на НАТО и фактор за безбедност и стабилност во регионот. Мирољубивата природа на граѓаните и општествениот поредок доведоа до мирно решавање на конфликтите преку дијалог. Сепак, државата со соочува со различни малигни влијанија, закани и ранливост во нестабилен, неизвесен, сложен безбедносен регионален и глобален контекст.

Евроатлантската насока на државата, како и на регионот, се идентификува како безбедносно прашање, а не само како економско или политичко прашање. Со членството во НАТО, Републиката е дел од политичко-воена алијанса која има за цел да го зачува мирот во Северноатлантската област и притоа има преземено пакет на вредносни, политички и одбранбени обврски. Дополнително, со процесот на пристапување и членството на државата во Европската Унија се стеснува просторот за штетно влијание од трети страни и обезбедува стабилен пат за демократски вредности и насоки на државата. Отстапувањето од евроатлантската насока, односно утврдените ставови и одлуки на НАТО или забавувањето на пристапувањето кон ЕУ, ќе се смета за потенцијална закана за националната, регионалната и за глобалната безбедност.

### II.1 - Закани

Со оглед на географската позиција, големината, нивото на зависност од природни ресурси, степенот на технолошки развој и процесите за влез и интеграција во меѓународната заедница, се покажува дека државата е подложна на извори на закани и ризици по нејзината национална безбедност.

Во многу посложен политичко-безбедносен контекст, националната безбедност ќе биде предизвикана од закани, ризици и предизвици од работата на странски (безбедносни) служби за разузнавање, различни идеолошки, политички, етно-национални и религиозно мотивирани екстремни поединци или групи, кои може да користат насилство, како и елементи на тероризам, корумпирани дејства, како и групи за организиран криминал кои користат нови методи или стануваат „алатка“ за т.н. „хибридно“ војување.

## II.1.1 - Директна закана по суверенитетот и територијалниот интегритет или вооружена агресија против Републиката

Директните конвенционални воени закани против Републиката се ниски. Републиката може да биде засегната и од прелевање на нестабилноста од соседите или од регионот на Црното Море. Нарушувањето на унитарноста, територијалниот интегритет и сувереноста на нашите соседи или земјите од поширокиот регион, како и ескалацијата на насилство, ќе создаде услови за влошување на нашата безбедност. Дополнително, промовирањето на етнонационализам, сецесионизам или насилен екстремизам се феномени кои директно ја загрозуваат и нашата безбедност. Одржувањето на добрососедски односи и посветеност кон мирно надминување на отворените прашања во регионот придонесува кон стабилноста и безбедноста во нашиот регион.

## II.1.2 - Закана по безбедноста на НАТО сојузниците и закани по безбедноста на трансатлантската област

Заканите по безбедноста на НАТО сојузниците и заканите по безбедноста на трансатлантската област се закана и за безбедноста на Република Северна Македонија. Загрозувањето на територијалниот интегритет и сувереноста на НАТО сојузниците, како и заканите кон сојузниците и трансатлантската област во било кој од дефинираните домени на НАТО (копно, вода, воздух, вселена и сајбер) предизвикуваат закана и за нашата безбедност. Република Северна Македонија стои солидарно со своите сојузници и НАТО и дава придонес во колективната одбрана преку исполнување на обврските во одвраќањето и одбраната, кризниот менаџмент и управувањето и кооперативната безбедност, во рамките на своите капацитети и можности и во согласност со обврските од Вашингтонскиот договор.

## II.1.3 - Тероризам

Тероризмот останува закана не само за националната безбедност, туку и за регионалната и глобалната безбедност. Безбедносните аспекти, поврзани со тероризмот во сите форми и димензии, сè уште создаваат сериозни безбедносни закани и ризици. Заканата од верски мотивиран тероризам во Републиката е ниска, но латентно возможна. И покрај отсуството на показатели за директна терористичка закана на среден и на долг рок, можноста за поединечни терористички акти не може да биде целосно исклучена, особено поради

присуството на поддржувачи на милитантни идеологии кои ја оправдуваат примената на насилство како и на странски борци, повратници од војните на Блискиот Исток.

Дополнителен предизвик останува тековниот процес на прикриена, но засилена радикализација во и надвор од затворите, врските на радикалните групи со групите на организиран криминал, како и екстремните и терористички структури на регионално и глобално ниво.

Врската на верските радикални структури во регионот и надвор од него, можното зголемување на верски радикализам во претстојниот период како резултат на вооружените судири на Блискиот Исток, имаат тенденција да се презентираат како интер-религиозни во регионот и постои веројатност за нивно мобилизирање во реализацијата на насилни акти.

Во контекст на новите трендови, модерните методи и техниките што ги користат терористите, како особен ризик во моментов, но и на долг рок, се проценува редовната употреба/злоупотреба на дигиталната технологија. Таа го овозможува нивното вмрежување, глобалниот активизам и го зацврстува процесот на самoрадикализација, со што се создаваат услови и се инспирираат напади извршени од поединци. Истовремено, не се исклучува можноста за користење нови алатки за вршење терористички напади, без притоа да има ризик од биотероризам, сајбертероризам итн.

Во таа смисла, нагласената политичка, економска и социјална поделба и повременото изразување на говор на омраза може да води до натамошна интра и интеретничка поларизација и сè поизразена недоверба, што создава простор за дополнителна радикализација на постојните екстремни поединци, движења и организации. Ризикот од радикализација постојано се зголемува како резултат на развојот и пролиферацијата на современите комуникациски и информациски технологии, што создава простор за екстремните структури да ги засилат своите наративи и да добијат поддршка за своите агенди. Ваквиот амбиент може да го користат и трети актери во рамките на своето хибридно дејствување во регионот и во нашата земја.

Покрај различните идеолошки матрици на популистички здруженија и организации (кои имаат различни концепти на нивните платформи за иднината на државата, внатрешно и надворешно), екстремните националисти, како и верски мотивираните екстремисти (кои манипулираат со фундаменталните верски права преку граѓански активизам), многу е веројатно да го продолжат трендот на нивно поврзување со т.н. „верско право“, односно

кумулативен екстремизам, со тоа што ќе ги вклучат истите елементи, наративи и симболи, што значително го усложнува безбедносниот пристап.

Без оглед на ограничените материјални, организациски и финансиски капацитети, како и маргиналното социјално влијание, постои можност екстремни поединци и групи и во иднина да бидат ставани во функција на одредени центри на моќ - државни и недржавни актери. Не е целосно исклучено и преку манипулација на граѓанското право на протест, повремено да предизвикуваат нарушување на безбедносната ситуација со користење насилство.

## II.1.4 - Организиран криминал и корупција

Овие предизвици се меѓу најактуелните за државата и се проценува дека се закана со висок интензитет на среден рок. На долг рок, како резултат на почетокот на пристапните преговори за членство на државата во ЕУ и високата посветеност на државните власти и институции да се справуваат со овие прашања, се проценува дека заканите од организиран криминал и корупција ќе бидат со среден интензитет.

Корупцијата може да има директен и индиректен ефект врз националната безбедност. Недовербата во институциите, предизвикана од корупција, може да предизвика маѓепсан круг на демократски пад. Меѓутоа, корупцијата може да се случи и во постојните институции на безбедносниот сектор, со што станува директна закана. Затоа, институциите треба континуирано да вршат проценки и спроведуваат мерки за надминување на нивната специфична ранливост на оперативно ниво и да интегрираат антикорупциски алатки во сите области на нивната работа. На овој начин тие можат да ги ублажат ризиците кои ги спречуваат во исполнувањето на задачите и надлежностите и целите на оваа стратегија.

Високите приходи што групите за организиран криминал ги добиваат од незаконски активности (трговија со дрога, криумчарење на акциски стоки и мигранти, компјутерски криминал и затајување данок), од една страна и слабиот капацитет на судските институции да се справат со овој феномен, од друга, овозможуваат услови за нивно користење за коруптивни цели што директно влијаат врз ерозијата на општествените норми и вредности и ја нарушуваат севкупната државна безбедност и економска стабилност.

Насилните активности, како начин на дејствување од страна на криминалните групи, ја прават заканата од организиран криминал посложена во контекст на нарушување на јавниот

ред и мир, нарачани убиства (ликвидации) во земјата и странство и други насилни акти, со што се предизвикува чувство на несигурност меѓу граѓаните и се создава недоверба во институциите на системот.

Во моментов, но и во иднина, корумпираното однесување во телата за спроведување на законот и другите државни институции од витално значење, вклучително и во судскиот систем што го поткопува интегритетот на институциите, се проценува како сериозен безбедносен проблем. Во таа насока, злоупотребата на работата на одделни економски и правни тела, кои со различните финансиски измами добиваат незаконски придобивки, може да придонесе кон нанесување штета на државата. Дополнителна закана е легализацијата на нелегално стекнатите средства, преку разни форми на „перење пари" во земјата, што дополнително го поткопува финансискиот систем и стимулира натамошно инволвирање во организирани криминални активности.

### II.1.5 - Пролиферација на оружје за масовно уништување (ОМУ и други материјали за двојна намена) и користење на хемиски, биолошки, радиоактивни и нуклеарни материјали (ХБРН)

ОМУ и ХБРН, како и материјалите и уредите потребни за нивно производство, во оваа насока, поради ризикот од загрозување на јавното здравје и средината од јонизирачка радијација, несоодветното управување со ризици и ХБРН материјали, се проценуваат како потенцијален ризик-фактор, особено од гледна точка на можни штети, кражба и нивна злоупотреба од страна на екстремни и терористички организации и останати недржавни или државни актери.

### II.1.6 - Незаконска миграција

Ова се очекува да претставува ризик со среден интензитет, на среден и долг рок, но со можност за нагорен тренд, поради можните безбедносни и геостратешки кризи на Медитеранот/ Субсахарска Африка или Блискиот Исток, но и како резултат на новата економска криза на светско ниво.

Како транзитна држава од балканската рута, Републиката се соочува со ризици што произлегуваат од незаконска миграција од неколку аспекти, како што се: загрозување на финансиската безбедност од делувањето на групи за организиран криминал вклучени во

криумчарење мигранти; ризикот од злоупотреба на мигрантските рути за пренос на лица со висок ризик; меѓусебни вооружени пресметки меѓу мигрантите и криумчарите; инволвирање на македонски државјани во каналите; стимулирање корупција во надлежните органи; предизвикување насилство и пренос на атипични болести од страна на мигрантите.

Можно зголемување во незаконската миграција на среден и долг рок, предизвикана од постојни или нови кризни жаришта, социо-економски фактори, климатски промени ќе претставува дополнителен товар и ангажман на државните институции и безбедносните служби со финансиски, материјален и човечки потенцијал.

## II.1.7 - Шпионажа и активности на странски разузнавачки служби кон државата

Оваа закана се смета дека е реална закана со висок интензитет. Хибридното дејство на странските разузнавачки служби во сите области на функционирање на државата, започнувајќи со секторите одбрана и безбедност, стимулира внатрешни политички конфронтации, интра и интеретничка верска поларизација и ја поткопува довербата на населението во институциите на системот и стратешките политички одлуки. За да се постигнат целите, фокусот на странските разузнавачки служби се организациите, политичките субјекти и претставниците на екстремни политички идеологии на јавниот и политички живот, што може да имаат влијание врз креирањето на перцепцијата кај населението.

Крајната цел на нивните дејства е да го променат јавното мислење, да ја поткопаат довербата во институциите, да креираат евроскептицизам, да ги минимизираат придобивките од членството во НАТО и да ги попречат пристапните процеси кон ЕУ.

Иако таквите надворешни деструктивни влијанија добија нови форми и димензии по членството во НАТО, особено по почетокот на пристапните преговори за членство во ЕУ, не се исклучува можноста дека тие ќе продолжат во претстојниот период, што ќе се поклопи со важни социо-политички одлуки и настани во државата.

## II.1.8 - Хибридни закани

Ова останува тековна и најбрзо растечка закана и во регионот и на глобално ниво.

Глобалните и регионалните предизвици, политичката нестабилност, ранливата безбедност, национализмот и екстремизмот, раководењето на институциите, организираниот криминал и корупцијата, спротивставените интереси на трети актери се фактори кои овозможуваат соодветни услови за примена на кибернетски/сајбер и хибридни операции.

Републиката е изложена на синхронизирани и координирани хибридни активности на државни и недржавни субјекти (невладини организации, партиски лица, верски и други структури, јавни личности, маргинални групи). Преку широк опсег на мерки од овие актери, кои вклучуваат: политичка субверзивност; економски притисок; сајбер активности; финансирање на медиуми (пропаганда и ширење на дезинформации); злоупотреба на интернет портали; платформи и социјални мрежи; инвестирање во сектори, кои се клучен национален интерес, особено во енергетиката се обидуваат да ја попречат соработката со ЕУ и НАТО, да ја блокираат европската интеграција на земјата и евроатлантската интеграција на регионот, да ги зголемат социјалните поделби и да негуваат етнички национализам, да предизвикаат вознемиреност кај граѓаните и да ја поткопаат довербата во институциите на системот.

## II.1.9 - Странско малигно влијание

Геополитичкиот антагонизам во регионот е присутен со децении уште од средината на 19 век, видливо и на почетокот на распаѓањето на Југославија во 90-тите години од минатиот век и балканските војни што следуваа потоа, со што се остави потенцијал за насилство и нестабилност. Во 2023 година сѐ уште е присутна сецесионистичката и поделбена реторика, со што се отвора патот за потенцијални реални инциденти на сериозно насилство. Постојат причини за загриженост поради ваквите сецесионистички закани, кревката безбедносна ситуација и застојот на нормализацијата. Покрај тоа, авторитарните држави сакаат да ги поткопаат демократиите со сајбер и хибридни закани.

Сајбернападите продолжуваат да се зголемуваат не само во однос на вектори и бројки, туку и во однос на нивното влијание. Сајберкриминалците користат сѐ пософистицирани алатки и технологии. Дигитализацијата на општеството и воведувањето нови технологии за подобрување на јавните услуги во Република Северна Македонија, низ призмата на сајберпросторот, значи проширување на просторот за извршување на сајбернапади.

Сајберкриминалците ги искористуваат новооткриените пропусти и сè повеќе ги таргетираат услугите базирани на „облак“ технологијата. Странските државни актери обично имаат за цел да го деградираат функционирањето на целните ентитети и да ја поткопаат довербата на јавноста во раководството на земјата, да шират страв, несигурност и сомнеж и да ги олеснат операциите за дезинформација. Хактивистичките групи ги таргетираат организациите дури и во секторите од критичната инфраструктура и покажуваат високо ниво на софистицираност во сајберактивностите. Примарни вектори на сајбернапади што се користат од сајберзаканите за Република Северна Македонија се: социјалниот инженеринг, оневозможување на услуги (DoS, DDoS) и барање на откуп (ransomware).

Руската воена агресија против Украина го поткопува меѓународниот поредок, кој се базира на правила и негативно влијае врз безбедносната архитектура на мирот во Европа. По агресијата, Северна Македонија презеде соодветни мерки и активности за да ја заштити својата национална безбедност и безбедноста на нејзините НАТО сојузници. Северна Македонија целосно пристапи кон пакетот на санкции и рестриктивни мерки на ЕУ против РФ.

Сепак, заканите се присутни од различни стратешки насоки, вклучително и од руски спонзорирани хибридни напади. РФ постојано ја тестира решеноста на Републиката да ги заштити слободата и демократијата, со што претставува и ризик за стабилноста на целиот регион, што вклучува: мешање во демократските процеси, политичка и економска принуда, широко распространети кампањи за дезинформации, злонамерни сајберактивности и незаконски и вознемирувачки активности на руските разузнавачки служби. Ширењето дезинформации, сеењето поделба, поткопувањето на демократијата и други хибридни и штетни влијанија за зголемување на поларизацијата и поткопување на легитимните демократски институции, се присутни и државата решително се справува со нив.

Имајќи ја предвид геостратешката важност на регионите на Западен Балкан и Црното Море за ЕУ и НАТО, Русија се стреми кон тоа да ја сопре или забави европската и евроатлантската интеграција на сите земји од регионот, директно или преку свои посредници, кои вклучуваат политички партии, граѓански организации и медиуми.

Изразените амбиции на Народна Република Кина (НРК) во регионални и глобални рамки, вклучително со зголемените инвестиции во воени капацитети и нови предизвикувачки технологии и политика на присила ги предизвикуваат интересите, безбедноста и

вредностите на Републиката и НАТО алијансата. Политичките интереси на Северна Македонија се таа да има отворен и конструктивен ангажман со НРК, преку градење реципрочна транспарентност, а со цел да се штитат безбедносните интереси на Алијансата. Притоа, билатералните односи треба да се засноваат на меѓусебно почитување и да не бидат обременети од скриени интереси и агенди во политичко-дипломатски активности, хибридно и разузнавачко дејствување. Постои потреба од зајакнување на нашите капацитети за заштита од сајбер, вселенски, хибридни и други асиметрични закани и преку штетна употреба на новите технологии за попречување.

### II.1.10 - Природни катастрофи, технички и технолошки катастрофи, епидемии и климатски промени

Сите овие појави, како и процената на нивното присуство во претстојниот период и реалната подготвеност на општеството да се справи со истите, покажуваат континуитет во нивното дефинирање како закани на среден и долг рок.

Глобалното затоплување и климатските промени претставуваат мултипликатор на закани за глобалната стабилност од три аспекта: предизвикување конфликт поради природни ресурси, влијание врз воената инфраструктура и операции и масовни миграции на населението, како последица на ефектите од глобалното затоплување и климатските промени врз животната средина и рефлексијата на економските потенцијали на погодените региони.

Климатските катастрофи, како екстремни временски услови, зголемени температури, суши, поплави, шумски пожари, невреме, загадување на почвата и водата, претставуваат ризик за инфраструктурата, човековото здравје и безбедноста на водата и храната.  Деградацијата и уништувањето на животната средина е закана што произлегува од човечки фактор и тоа ќе биде еден од позначајните проблеми и ќе претставува закана и за Републиката, но и за регионот и пошироко.

## II.2 - Ранливости

### II.2.1 - Корупција/Ниска доверба во институциите

Корупцијата ја поткопува кредибилноста на јавните институции, политичките процеси и владеењето на правото, но и ги попречува економскиот раст и социјалната кохезија. Натамошната корупција создава поделби и нефункционалност на институциите на локалната и централната власт, што може да биде искористено и од малигни актери за да ја дестабилизираат Републиката. Според индексот за организиран криминал во 2023 година, Северна Македонија е оценета со 5,03, што значи 93.место од вкупно 193 земји на светско ниво или 18.место меѓу 44 земји во Европа. Ваквиот негативен потенцијал на корупцијата останува една од најслабите страни на државата.

### II.2.2 - Зависност од увоз на енергија/Недостиг на различни енергетски извори

Енергетскиот пазар останува несигурен, особено поради зголемувањето на цените на нафтата, гасот и електричната енергија, бидејќи тоа води и до зголемување на цените во сите сектори. Странската зависност од фосилни горива и електрична енергија треба да се намали со енергија добиена од обновливи извори, како што се сонцето и ветрот. Тековната зависност од увоз на електрична енергија и фосилни горива се смета за ранливост на земјата.

### II.2.3 - Зависност од увоз на храна/недостиг од различни извори на храна и вода

Предизвиците со несигурноста на храната, екстремните временски услови во комбинација со недостигот на набавувачи на ѓубриво и постојаните логистички ограничувања, лесно може да се претворат во криза, со што изгледите за најранливите би биле уште помали и послаби. Фрагментацијата на земјиштето, малите фарми и недоволната земјоделска инфраструктура се меѓу главните структурни пречки за развој на секторот. Северна Македонија увезува 1/3 од пченицата, со што се изложува себеси на произволноста на светскиот пазар за храна. Глобалните пречки на пазарот или во синџирите за набавка претставуваат ранливост на непрекинатото снабдување со храна во Републиката.

### II.2.4 - Ранливост на критичната инфраструктура

Слабата безбедност на комуникациите, транспортот, енергијата и другата критична инфраструктура претставуваат закана за прекин на основните услуги и ранливост на безбедноста и стабилноста. Тековниот недостиг од Закон за критична инфраструктура, одговорност пред надлежна институција, финансирање и отчетност за креирање приоритети меѓу ресурсите за безбедност на инфраструктурата, како и изедначени стандарди и обука, но и тековниот недостиг од Закон за безбедност на мрежите, кој ќе се фокусира на сајбербезбедноста поради процена, заштита и закрепнување од сајбернапади што ѝ се закануваат на критичната инфраструктура, исто така, се смета за ранливост на Републиката.

Недостигот на сајберобразование и оспособување, како и јасен пат на кариерата во сајберодбраната за младите луѓе во Републиката, од вработување и задржување на стручните лица за сајберодбрана, поради заштита на критичната инфраструктура од сајбернапади е дополнителна, поинаква перспектива за истата ранливост.

## II.2.5 - Социјална поделба

Социјалните поделби според етничка, верска или религиозна припадност, идеологија, класа, како и родова поделба, може да се злоупотребат од страна на штетни актери, вклучително трети актери, за натамошно продлабочување на поделбите и дестабилизирање на Републиката. Ова претставува една од ранливостите што може натаму да го поделат и ослабат интегрираното општество и може да доведат до ексклузивни етнонационалистички паралелни општества што ги одбиваат нашите заеднички вредности базирани на Уставот, владеењето на правото, заштитата на човековите права, вклучително и правата на малцинствата, како и почитување на различностите.

## II.2.6 - Демографски трендови

Демографските трендови во Северна Македонија се карактеризираат со намален фертилитет, непрекинато иселување и постојано зголемување на очекуваниот животен век на населението. Ова резултира со постојано стареење и намалување на бројот на населението. Меѓу другото, ова влијае врз ранливоста на националната безбедност, преку создавањето демографски јазови кај оние кои влегуваат на пазарот на труд со соодветни вештини, за да се одржат критичните национални безбедносни функции од служење во безбедносните служби, до работење со критичната инфраструктура.

Заканите за национална безбедност на Република Северна Македонија се сложени и се разликуваат во веројатноста на влијанието и можните последици за безбедносната ситуација. Секоја од нив има различно влијание врз утврдувањето на националната безбедносна политика, што бара развој на соодветни капацитети и способности за справување со овие ризици. Имајќи ги предвид геостратешката позиција и глобалните предизвици со кои се соочува Република Северна Македонија, потребна е регионална и меѓународна соработка, како и поефективно спречување и соочување со заканите, ризиците и националните безбедносни предизвици.

## III - Главни цели на политиката (ГЦП) во поддршка на националните безбедносни интереси (НБИ)

### III.1 - НБИ: Чување на независноста, суверенитетот, територијалниот интегритет и унитарниот карактер на државата и одржување на безбедноста на нејзините граѓани

Со членството во НАТО Република Северна Македонија е заштитена со безбедносниот чадор на НАТО, односно со чл. 5 од Северноатлантската повелба, кој предвидува дека напад на еден НАТО сојузник е напад на сите. Капацитетите на НАТО и на сојузниците се во поддршка на нашата безбедност и гаранција за мирот и стабилноста на нашата држава. Обврска на Република Северна Македонија е да развива сопствен национален систем за одбрана, поддржан со соодветни одбранбени капацитети и способности кои се во функција на одбрана на Републиката.

Заштита на независноста, територијалниот интегритет и неповредливоста на меѓународно признатите граници на Републиката е прв приоритет на граѓаните и на оние кои ја водат државата. За да го одржува овој интерес, Владата ќе продолжи да инвестира во развојот на одбранбената политика преку: обезбедување на одбранбени капацитети и способности со цел националната одбрана да ја гарантира безбедноста и остварувањето на слободите на граѓаните; исполнување на обврските од членството во НАТО, односно од Вашингтонскиот договор; европска интеграција, односно завршување на пристапните преговори за полноправно членство во ЕУ и придонес во Заедничката надворешна и безбедносна политика; воспоставување мир, безбедност и стабилност во регионот, во Европа и во светот; и поддршка на цивилните институции во различни кризни и вонредни ситуации и услови.

Министерството за одбрана, во поддршка и остварување на целите на одбранбената политика ќе развие сеопфатна Стратегија за одбрана (СО) во 2024/2025 што ќе воспостави рамка за подобрување на одбранбените и воените капацитети на Републиката. Имплементацијата на целите на одбранбената политика ја подразбира потребата од: одговорно исполнување на националните обврски и одговорностите од членството во НАТО; да се одржи високо ниво на подготвеност на одбранбените капацитетите и способностите за одвраќање и одбрана; да се обезбеди соодветен одбранбен став; да се воспостави флексибилен, одржлив и отпорен систем за одбрана способен за придонес во јакнењето на регионалната безбедност и стабилноста во Европа; да се осигури дека одбранбените способности се соодветно опремени со современа опрема, подготвени, одржливи и способни да се спротивставaт на заканите и предизвиците со истовремено рационално користење на ресурсите и управувањето со животната средина.
Стратегијата за одбрана ќе вклучува:

## III.1.1 - ГЦП: Зацврстување на политиката на одбрана и одвраќање

Предводена од Министерството за одбрана и поддржана од нашата посветеност кон НАТО, Републиката ќе ги продолжи своите напори да ги подобри воените способности, одбраната и стратешкото одвраќање на Републиката за ефективно да се соочи со надворешните закани. Република Северна Македонија, со полноправното членство во Алијансата, премина од систем на индивидуална одбрана во систем на колективна одбрана и стана дел од НАТО процесот на одбранбено планирање. Членството на нашата држава во Алијансата е во функција на заштита, промоција и остварување на националните, безбедносните и одбранбените интереси. Покрај придобивките, членството во Алијансата подразбира и одговорност, односно нашата држава има обврска континуирано да придонесува во остварувањето на клучните задачи на Алијансата и тоа: политика на одвраќање и одбрана, кризниот менаџмент и управувањето и кооперативната безбедност. За исполнување на националните обврски и преземените одговорности од членството во НАТО, неопходно е долгорочно и стабилно инвестирање во одбраната. Согласно преземените заложби од Самитот во Вилнус, за инвестирање во одбраната, Република Северна Македонија се обврза долгорочно да инвестира во трошоци за одбраната од најмалку 2% од БДП. Целта на ваквото долгорочно инвестирање е исполнување на минимум барањата за развој на способностите, исполнување на барањата од Целите на способности на НАТО и остварување на обврските од колективната одбрана и национален придонес во остварување на трите клучни задачи на Алијансата.

## III.1.2 - ГЦП: Одобрување и зајакнување на националниот одбранбен систем

Менливиот карактер на војната и постојаните закани со кои се соочуваме бара изградба на флексибилен и отпорен систем за одбрана и високо опремени, мотивирани, оспособени и одржливи вооружени сили на теренот. Системот за одбрана мора да биде одржлив во случај на долготрајни конфликти, отпорен кон препреките, приспособлив на заканите кои се менуваат и кој може да се активира и брзо да ја одбрани Републиката како дел од НАТО. Ваквиот систем бара долгорочен плански развој и одржување на неопходните одбранбени способности и капацитети, сеопфатен пристап на сите субјекти на системот и соодветно прилагодување на брзината на промените на заканите. Тоа вклучува: реорганизација на системот за одбрана, континуитет во имплементација на реформите, трансформација на вооружените сили со цел да одговорат во услови на мир, криза, вонредна состојба и во воена состојба. Реорганизацијата на одбранбените структури и процеси треба да се одвива во насока на поинтензивен развој на цивилно-воените односи и интеракција со граѓаните со цел да се обезбеди ефикасен одговор на новите безбедносни предизвици.

Ова ќе бара реформи со кои ќе се развиваат цивилно-воените односи и интеграцијата за да се подготват и да обезбедат ефикасен одговор на новите безбедносни предизвици. Реформите треба да овозможат способност за спротивставување и брзо закрепнување од различните и неочекувани безбедносни препреки, со што ќе се осигури долгорочен оперативен континуитет со информирање за ресурсите.

Министерството за внатрешни работи, во тесна соработка со Националното координативно тело за справување со насилен екстремизам и борба против тероризам, ќе ја поддржи националната безбедност преку развивање стратегии и планови за унапредување на напорите за следните цели:

## III.1.3 - ГЦП: Спротивставување на тероризмот

Тероризмот е најдиректната асиметрична закана за безбедноста на граѓаните на Републиката. За да се реши оваа закана по нашата безбедност и стабилност, Министерството за внатрешни работи ќе развие политики за спротивставување на

тероризмот што се фокусираат на подобрување на свесноста за заканата, развивајќи притоа способности за подготовка и одговор и преку подобрување на ангажманот со НАТО за целосно да се искористи помошта и интероперабилноста со сојузниците и во Алијансата и седиштето на НАТО.

## III.1.4 - ГЦП: Градење на отпорност и справување со хибридни закани

Може да се очекува Републиката да биде цел на хибридно војување од различни типови и со различен интензитет, особено како што се зголемуваат глобалните тензии и спротивставувањето на пристапниот процес кон ЕУ. Градењето на отпорност и способност на општеството да се справи со хибридните закани преку рано откривање на хибридни операции, одговор и брзо закрепнување се клучни за градење на националната и социјалната отпорност на државата од овие закани.

Национална правна рамка за справување со хибридни закани е Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани (2021-2025) и придружниот акциски план, која е изготвена во соработка со Европската служба за надворешно дејствување (EEAS).

Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница како одговорно тело за давање насоки, донесување заклучоци и предлагање мерки за одговор на хибридините закани ја следи имплементацијата на Стратегијата и придружниот акциски план, со цел создавање национална отпорност за ефикасно и ефективно справување со хибридни закани во согласност со воспоставената рамка од НАТО и ЕУ. Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница ќе го иницира процесот на ажурирање на Стратегијата и придружниот акциски план преку: реорганизација на системот и алатките за спроведување на Стратегијата во делот на надлежностите на назначените институции како носители на активноста; редефинирање на задачите и временските рокови; обезбедување на ресурси за институциите назначени за спроведување на активноста; унапредување на соработката со надлежните институции од стратешките партнери во рамките на Европската Унија и НАТО (Европскиот центар на извонредност за борба против хибридни закани; Сајберцентарот за извонредност на НАТО; НАТО центарот за извонредност во стратегиски комуникации). Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

## III.1.5 - ГЦП: Подобрување на безбедноста на границите / Способност за ефикасно справување со неконтролирано движење на луѓе

Министерството за внатрешни работи, врз основа на законски пропишани протоколи, ќе развие интегриран национален план за решавање и справување со влијанието од неконтролирано движење на луѓе внатре, но и надвор од националната територија, вклучително и голем прилив на луѓе што надминува 2% од вкупното население. Целта на ваквиот план е да се предвидат механизми преку кои ќе се осигури заштита на населението во случај на животозагрозувачки опасности, имајќи ги предвид основните човекови потреби (здравје, вода, санитарни услови и хигиена, храна, засолниште, безбедност и транспорт). Другите цели се наведени во Основните барања за отпорност на НАТО и насоките. Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

## III.1.6 - ГЦП: Подобрување на реакцијата кон катастрофи

Закани против нашите граѓани, исто така, доаѓаат и од природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човечки фактор. Врз основа на научените лекции од досегашниот систем на управување со кризи, државата ќе го заврши започнатиот процес на реформа на системот и ќе оформи една водечка институција, која ќе биде одговорна за координирање на планирањето и одговорот на катастрофи.

## III.1.7 - ГЦП: Управување со голем број жртви и здравствени кризи

Министерството за здравство ќе развие планови и политики за да изгради подготвеност и планирање за соочување со појава на масовни жртви и здравствени кризи (кадровски и итен капацитет, капацитет за транспорт на пациенти, сеопфатна инфраструктура и кризни комуникации). Унапредување на сеопфатниот национален систем за рано предупредување, прибирање на здравствени/медицински информации, анализа и механизми за споделување со клучни засегнати страни, како и со релевантни меѓународни организации. Создавање на сеопфатен цивилно-воен план за итни состојби кој ќе ги покрива сите релевантни итни служби и сеопфатна национална безбедност на договорите за снабдување за медицински противмерки, други здравствени средства (пр. лична заштитна опрема, медицинска опрема итн.) и земање предвид на постојните и потенцијални ранливости во релевантните синџири за снабдување. Другите цели се наведени во Основните барања за отпорност на НАТО и

насоките. Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

Кризата со Ковид-19 беше најголемиот предизвик за системот за здравствена заштита на Републиката во овој век. Идната пандемија, со потенцијално поголема сериозност, мора да се пречека со покомпентентни ресурси за одговор. Користејќи ги лекциите научени од одговорот кон Ковид-19, Министерството за здравство ќе креира извештај до Владата во кој ќе даде препораки за промени во националниот систем за здравствена заштита при справување со национални итни здравствени состојби.

## III.1.8 - ГЦП: Континуитет на Владата и критичните владини сервиси/служби

Владата поддржана од Центарот за управување со кризи ќе развие формализиран план за континуитет на Владата, вклучувајќи и нивоа на раководење и јасност на процесот на донесување одлуки и синџир на командување во Владата во случај на катастрофален настан. Ова ќе вклучува идентификација и приоритизирање на клучните владини агенции, критичните услуги и задолжителните функции за поддршка на воените операции, вклучително и функциите како што се обезбедување и испорака на храна, вода, гориво, електрична енергија, топлина, транспорт, специјализирани стоки и медицински/фармацевтски производи и опрема за лична заштита. Владата ќе продолжи да работи на обезбедување и на други цели, наведени во барањата и упатствата за основната линија за отпорност на НАТО.

## III.1.9 - ГЦП: Превентивна дипломатија

Начелата врз кои Северна Македонија ја води својата надворешна политика се изрази на внатрешната политика на државата за градење и одржување мултикултурна демократија и постојана инклузивност на различноста во демократските процеси, заштита и промовирање на човековите права и правата на различните етнички заедници и ранливи групи. Културата на дијалог и компромиси, и превенцијата на спорови, оди рака под рака со нашата приврзаност кон активен и ефективен мултилатерализам. Од својата независност, Северна Македонија докажа дека со користење дипломатија и дијалог, разбирање и толеранција, како и преку компромис може да бидат разрешени дури и најтешките прашања и може да се отворат нови перспективи за пријателство и соработка.

Одржувањето на духот на добрососедство и засилена регионална соработка останува еден од столбовите на надворешната политика на Републиката. Дополнително, како сериозен регионален чинител во градењето и одржувањето на мирот и добрососедските односи и со богато искуство во создавање модели за решавање идентитетски и други конфликти, Северна Македонија ќе продолжи да дава придонес на ООН и другите меѓународни институции, во превентивната дипломатија и спречувањето конфликти, преговарањето при конфликти и постконфликтното помирување. Републиката, несомнено, ќе продолжи да ја зацврстува својата позиција и ќе стане поактивен фактор за креирање мир во центрите на меѓународната политика.

## III.1.10 - ГЦП: Вклученост на цело општество / Култура на свесност за безбедност и општествена отпорност

Клучниот овозможувач на безбедност и општествена отпорност се свесноста и подготвеноста на сите да преземат удел во одговорноста за нивната сопствена безбедност, како и за безбедноста на другите. Безбедноста на Републиката е тесно поврзана со безбедноста на сите нејзини граѓани. Актуелната безбедносна средина бара холистичко сфаќање и пристап кон различните области и аспекти на безбедноста. Внатрешната безбедност е неделива од надворешната безбедност. Безбедноста во реалниот простор е неделива од безбедноста на интернет. Безбедноста на нашата држава е неделива од безбедноста на нашето општество и од безбедноста на секој поединец.

За таа цел, Министерството за образование и наука ќе направи преглед на наставната програма за да воведе и пристап на „целосно општество“, како обид да се осигура дека младите луѓе се свесни за заканата со која се соочуваат и тие и Републиката и да одреди услови за нивната улога во тоа да се обезбедат себеси, нивните семејства и заедници. Под ова се подразбира наставна програма која ќе ги зајакне знаењата на младите во полето на дигиталната и медиумската писменост, но и вештините при кризни состојби и елементарни непогоди. Потребите од ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат истакнати во планирањето за управување со ресурси и нивното побарување. Министерството за образование и наука ќе иницира посебни наставни програми дизајнирани за стимулирање на човечки ресурси кои недостасуваат, но се од особено значење за националната безбедност, вклучително и програми кои ќе го дестимулираат создавањето човечки ресурси кои ги има во изобилство.

Министерството за информатичко општество и администрација ќе преземе активности според Националната стратегија за сајбербезбедност и ќе се впушти во обучување и годишни испитни програми за зголемување на сајберхигиената и дигиталната писменост на државните и јавни службеници и функционерите во јавните институции. Министерството, во координација со единицата за сајберкриминал во Министерството за внатрешни работи и во соработка со други институции, медиумите и организациите од граѓанското општество, ќе започнат со годишни кампањи за кревање на свеста за дигитална писменост и сајберхигиена, насочени кон статистички највисоките целни групи за дигитални измами и штетни сајберактивности.

## III.2 - НБИ: Зачувување на демократијата, штитење на граѓанските права и слободи, спроведување на владеењето на правото еднакво за сите граѓани

Зачувувањето на демократијата, заштитата на правата и слободите на граѓаните и овозможувањето на владеењето на правото за сите граѓани се улоги на институциите на Републиката. Одржувањето на правата, слободите и еднаквоста според законот, како што е утврдено во Уставот на Републиката, значително придонесува кон националната безбедност, стабилност и отпорност. Секое подривање создава национални безбедносни ризици, поради што НСБ ќе треба:

### III.2.1 - ГЦП: Создавање на Сектор за транспарентност и отчетност според потребите на новата Стратегија за транспарентност и отчетност на генералниот секретар на Владата

Републиката ќе продолжи да ги спроведува политиките што ги зацврстуваат демократските норми, ги засилуваат институциите и ја зголемуваат отчетноста во владеењето. Фокусот мора да биде поставен на развивање поефективен, поодговорен и потранспарентен правосуден сектор кој ќе ја намали корупцијата и неказнивоста и ќе ја врати довербата на граѓаните во овие институции. Институциите кои ги спроведуваат законите и системите за транспарентност и отчетност се од огромно значење за спротивставување на распространетата корупција и да се врати довербата на граѓаните. Доколку не се изгради силен правосуден сектор и институции кои ќе се борат со корупцијата, ќе се зголеми ранливоста на Републиката и нејзината подложност кон штетни влијанија и нестабилност.

## III.2.2 - ГЦП: Пристапни преговори со ЕУ - Поглавје 23 правосудство и основни права

Реформата во правосудството ќе се спроведува врз основа на нов стратешки документ со кој треба да се зацврстат независноста и ефикасноста на правосудството, да се подобри пристапот до квалитетот на правдата, како и да се зголеми професионалноста и отчетноста на сите актери во овој сектор. Министерството за правда, во координација со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, ќе создаде интеринституционална платформа (Судски совет, Совет на јавни обвинители, групи за реформи во правосудството) за да се обезбеди сеопфатно напредување на демократијата врз основа на два столба (владеење на право и добро владеење) во согласност со новата Стратегија за реформи во правосудството и акцискиот план.

Ако не се постигнат материјални резултати, довербата во правосудството дополнително ќе еродира, како и неговиот кредибилитет и способност да одговори на потребите на луѓето за правда, што неповратно ќе го поттикне нивното чувство на несигурност и потребата за преселба во друга држава.

## III.3 -НБИ: Промовирање економска стабилност и развој, обезбедување добросостојба за сите граѓани

## III.3.1 - ГЦП: Стратегија за економска стабилност, развој и општествена отпорност

Националната развојна стратегија (НРС) претставува визија и патоказ за Републиката за економски развој во различни области за следните 20 години. Сепак, економијата и развојот се прашања кои директно влијаат врз безбедноста на Републиката и за нив се дискутира во континуитет, за да може да ја надополнат НРС и да ја истакнат итноста за исполнување на целите од политиката поврзани со безбедноста и обврските преземени со НАТО.

## III.3.2 - ГЦП: Развивање и обезбедување на отпорни системи за снабдување со енергија

Министерството за економија ќе развие планови и ресурси за да обезбеди непрекинат пристап до сигурна енергија, особено во време на криза, имајќи го предвид потенцијалното влијание на меѓузависноста, каскадните ефекти и потенцијалните второстепени влијанија. Во случај на прекин, достапноста на сеопфатни, одржливи и вишок способности и сигурни планови за обнова ќе резултираат со намалени прекини и намалено време за обнова на услугата. Понатаму, Министерството за економија преку Секторот за енергетика ќе изврши утврдување и процена на ризиците и на можностите понудени од постојните и новите технологии и еволуциите во концептите, за да се осигури дека енергетските системи остануваат отпорни и во иднина. Другите цели се наведени во Основните барања за отпорност на НАТО и насоките. Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

## III.3.3 - ГЦП: Развивање и обезбедување отпорни системи за снабдување со ресурси на храна и вода

Министерот за земјоделство ќе развие сигурен систем за надзор, детекција, тестирање и пријавување на загадување на изворите на храна и вода и клучната инфраструктура. Понатаму, ќе спроведе сеопфатно планирање за вонредни состојби, редовни вежби и обезбедување на алтернативни извори за снабдување со храна и вода и сеопфатно планирање на континуитетот за идентификување на суштинските функции и можните начини за тие да се одржуваат. Планот треба да ја реши ограничената достапност на неопходен персонал, експертски способности, суровини, безбедност на договорите за снабдување и според потребите меѓусекторска соработка, како што се енергетика и транспорт, директни странски инвестиции/ сопственииштво/ контрола на критичната инфраструктура, како и други ресурси што се потребни со цел да се обезбеди непрекинато снабдување со храна и вода. Другите цели се наведени во Основните барања за отпорност на НАТО и насоките. Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

## III.3.4 - ГЦП: Развивање и обезбедување отпорни системи за цивилни комуникации

Министерството за информатичко општество и администрација ќе развие планови и политики за да обезбеди непрекината достапност и пристап до сигурни, безбедни и сеопфатни комуникациски услуги во мирно време, во криза, кризна состојба, во вонредна и

во воена состојба, имајќи ги предвид потенцијалните ризици (сајбер, физички, кадровски, хибридни, предизвикани од човечки фактор или природни катастрофи, пандемии, епидемии, климатски промени, последици од странско сопственишво, контрола или директни инвестиции), како и оние потенцијални ранливости поврзани со постојните и новите технологии, како што е 5Г. Во случај на прекин, Министерството ќе обезбеди сеопфатни, флексибилни и одржливи способности и мултиотпорност/враќање на постојните информациски и комуникациски технологии (ИКТ) или новите комуникациски системи, како што е 5Г и/или вселенски системи, вклучително и глобалните системи за навигација на сателити, што ќе резултира со намалување на бројот на прекини, одредување на максимално прифатливото време на прекин за критичните системи и намалено време за враќање на услугата. Да се овозможи: другите важни услуги да функционираат и во криза; националните власти да имаат приоритетен пристап или национален роаминг до мрежите за цивилна комуникација за користење во кризни ситуации (ревидирани, оперативни приоритетни аранжмани за пристап кои вклучуваат релевантни јавни/приватни актери); искористување на постојните и технологиите кои се развиваат. Министерството за информатичко општество и администрација ќе овозможи усогласување со обврските на Републиката како потписничка на Програмата за чиста мрежа и другите цели што се наведени во Основните барања за отпорност на НАТО и насоките. Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

## III.3.5 - ГЦП: Развивање и обезбедување отпорен цивилен транспортен систем

Министерството за транспорт и врски ќе развие политики и механизми за да се осигури дека: инфраструктурата за цивилен транспорт е отпорна, агилна, сеопфатна и способна да се спротивстави и да закрепне со мали прекини од влијанието на различни потенцијални ризици (пр. природни несреќи или несреќи предизвикани од човечки фактор, хибридни закани, сајбернапади, пандемија, климатски промени); последиците на странско сопственишво, контрола или директни инвестиции, како и оние потенцијални ранливости поврзани со постојните и новите технологии, како што се 5Г и потенцијалните ранливости се поврзани со продолжени кризи. Министерството за транспорт и врски развива политики и ако е потребно: предлага законодавство за идентификување, тестирање, приоритизација, решавање на конфликти; одзема цивилни/комерцијални транспортни средства, инфраструктура, услуги и транспортни рути за поддршка на националните приоритети во текот на криза и да обезбеди закрепнување на овие способности за транспорт по кризата;

овозможува приоритетен и непречен транзит на силите на НАТО низ територијата на државата. Другите цели се наведени во Основните барања за отпорност на НАТО и насоките. Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

## III.3.6 - ГЦП: Развивање и обезбедување скрининг на странските директни инвестиции

Странско сопственишство, контрола или директни инвестиции во критичната инфраструктура, финансискиот систем и/или други области претставуваат ранливост, бидејќи со тоа безбедноста и стабилноста на Републиката се доведуваат во ризик. Министерството за економија ќе го преземе водството во тековните напори за да овозможи соодветни политики и законодавство кои ќе се развиваат и спроведуваат за да се спречи компромитирање на сензитивните области, како и детектирање и решавање на постојните ранливости. Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

## III.3.7 - ГЦП: Развивање и обезбедување човечки капитал за национална безбедност

Како што беше дискутирано во процената на безбедноста, демографските трендови во Северна Македонија се предизвикувачки и креираат ранливост во националната безбедност. Стратегијата за демографски политики 2015-2024 се спроведува и треба да се ревидира за да се вклучат научените лекции и иновациите од другите нации кои минуваат низ слични предизвици и да се пренесат во спроведливи политики, со цел справување и ставање крај на овој негативен тренд. Обезбедувањето на клучни области кои нудат безбедносни и суштински услуги, како и постигнувањето на аспирациите на Северна Македонија за да се подобри економската конкурентност и да се забрза интеграцијата во ЕУ, воглавно зависи од градењето здрава, мошне вешта работна сила и развој на човечкиот капитал. Клучниот персонал на стратешки и оперативни нивоа од сите актери на системот на национална безбедност треба да биде обучен во согласност со начелата на „Сеопфатниот пристап“. Образовните институции (област на безбедност - одбрана) треба да развијат и

интегрираат соодветни курсеви за образование на клучниот персонал од сите засегнати страни во системот, кој ќе придонесе кон подобрување на процесот на планирање, организирање и спроведување на активностите во системот за национална безбедност.

Министерството за образование и наука ќе го предводи развивањето политики за да ги обликува и да ги стимулира образовните можности за младите граѓани, кои ги исполнуваат националните јазови во безбедноста и да ги стимулира да останат да му служат на народот на Републиката.

Стратегијата за реформи во јавната администрација 2023-2030, исто така, мора да го реши овој јаз со тоа што ќе го приоритизира вработувањето и унапредувањето врз основа на заслуги и ќе ги привлече младите граѓани да се приклучат и да прават кариера во областите кои се критични за стабилноста и безбедноста на нацијата. Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

## III.4 - НБИ: Промовирање кохезија на мултикултурното, мултиетничкото општество преку зачувување на националниот идентитет, наследство и култура, истовремено унапредување на заедничките демократски вредности на Републиката

### III.4.1 - ГЦП: Едно општество за сите

Со цел точно да го потенцира идентитетот на граѓаните во нивната припадност кон Републиката и да се надминат интеретничките тензии и конфликти, Министерството за култура, почнувајќи од 2024 година, ќе ја ажурира и операционализира програмата „Едно општество за сите“, за да ги земе предвид мултиетничките, мултирелигиозните и мултикултурните аспекти на нашето општество, промовирајќи го притоа наследството од различноста и културата на различните етнички, но и од останатите маргинализирани заедници во согласност со демократските вредности на населението во Републиката. Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

## III.4.2 -ГЦП: Спротивставување на дезинформациите и развивање медиумска писменост

Иако напорите за спротивставување на дезинформациите се клучни за нашиот пристап против хибридното војување, подигнувањето на свеста на граѓаните да ги сфатат дезинформациите и медиумскиот пејзаж со кој се соочуваат, ќе помогне во намалување на влијанието на погрешните информации врз најранливите и ќе ги заштити демократските процеси каде е потребна граѓанска вклученост.

Треба да се формира координативно тело на централната власт составено од комуникатори од редот на: Канцеларијата на претседателот на Владата, Министерството за одбрана, заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за здравство и Министерството за животна средина и просторно планирање. Ова тело треба да ги координира активностите на институциите за спротивставување на дезинформациите и да започне национална стратегија за справување со странските информациски манипулации и влијанија и дезинформациите како голем сегмент од истите.

Ова тело треба да развие: ефективно партнерство со останати тела (како Советот за етика во медиумите, Синдикатот на медиумските работници и сл.) и граѓанскиот сектор во насока на заедничко дефинирање на проблемот со дезинформациите и начините на кои секој актер треба да делува во својот ресор; помагање и овозможување на саморегулацијата на медиумите; унапредување на медиумската писменост; промоција на начелата на слободно, објективно информирање преку почитување на новинарските стандарди и етички кодекси и зајакнување на професионалното новинарство. Не е можно ефикасно спротивставување со дезинформациите без активно учество на сите засегнати чинители во медиумскиот етер.

Министерството за образование и наука понатаму ќе развие посебна програма за медиумска писменост за да се осигури дека нашите дипломци се медиумски писмени и го имаат во себе потребниот скептицизам кон оние кои креираат и распространуваат штетни и поделбени пораки.  Потребните ресурси за поддршка на оваа цел треба да бидат дел од планирањето за управување со ресурси и нивното побарување.

### III.4.3 -ГЦП: Системски пристап во зајакнувањето на отпорноста на општеството

Во согласност со заложбите на НАТО за подобрување на отпорноста, Законот за критична инфраструктура и обврските од член 3 од Северноатлантската повелба, секое министерство има обврска да ги идентификува основните услуги што ги обезбедува и да обезбеди нивно континуирано функционирање. Министерствата ќе развијат план и ќе ги направат неопходните подготовки за да се спротивстават, да реагираат и брзо да закрепнат од шоковите и нарушувањата кои влијаат на овие услуги за да обезбедат континуитет на активностите на Републиката. Овие подготовки ќе вклучуваат, но нема да бидат ограничени на исполнување на барањата за отпорност на основната линија на НАТО.

## III.5 - НБИ: Одржување стабилна евроатлантска ориентација, преку посветеност на членството во НАТО и грижа за безбедноста во трансатлантската област и забрзување на пристапувањето во ЕУ

### III.5.1 - ГЦП: Одржување на стабилна европска и евроатлантска ориентација

Предводена од Министерството за надворешни работи, Републиката ќе спроведува политики за зачувување на стабилна европска и евроатлантска ориентација и за унапредување на европската и евроатлантската интеграција на Републиката. Блиската соработка и координација со нашите стратешки партнери, сојузниците НАТО и ЕУ е еден од главните инструменти за одржување на нашата безбедност и стабилност.

Северна Македонија ќе продолжи активно да учествува во Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ / Заедничката безбедносна и одбранбена политика и ќе го зацврстува партнерството со ЕУ на меѓународно ниво со цел да ја задржи стабилната европска и евроатлантска ориентација и да ги унапреди мирот, стабилноста и меѓународниот поредок заснован на правила.
ГЦП: Посветеност на НАТО членството и грижа за безбедноста во трансатлантската област

Републиката активно ќе придонесува кон градењето на заедничките политики, ставови и планови на НАТО алијансата, доследно ќе ги почитува и консеквентно ќе ги применува предвидените обврски кои произлегуваат од членството во НАТО. Републиката будно ќе ги следи сите закани и предизвици, кои можат да ја нарушат безбедноста во трансатлантската област и ќе реагира навремено во синхронизација и координација со сојузниците и НАТО.

Во согласност со обврските кои произлегуваат од членството во НАТО и во согласност со своите можности и капацитети, Републиката ќе придонесува кон плановите, мерките и механизмите на НАТО за одвраќање и колективна одбрана на НАТО преку пристапот од 360 степени. Придонесот во истуреното воено присуство во Летонија, како и учеството во зајакнатото воено присуство во Романија и Бугарија се практичен доказ за посветеноста и солидарноста на Републиката за одржување на безбедноста во трансатлантската област. Предводена од Министерството за одбрана и други надлежни институции, Републиката ќе продолжи активно да учествува во воени мисии на НАТО, Командната структура и во новата структура на сили на НАТО и активно да учествува во сите релевантни вежби на Алијансата.

## III.5.2 - ГЦП: Забрзување на пристапниот процес кон ЕУ

Министерството за надворешни работи, заедно со Секретаријатот за европски прашања ќе играат активна улога во пристапниот процес на Северна Македонија во ЕУ.

Напорите ќе се фокусираат на потребните подготовки на Меѓувладината конференција со ЕУ и продлабочување на дипломатската комуникација со земјите членки и институциите на ЕУ во сите фази од пристапните преговори. Републиката ќе продолжи да се залага за забрзано интегрирање во ЕУ, со испитување на сите можности за флексибилно учество во заедничките политики на ЕУ.

## III.5.3 - ГЦП: Придонес во јакнењето на регионалната безбедност и стабилност во Европа

Републиката ќе биде значаен придонесувач и олеснувач на регионалната стабилност, затоа што ќе игра инструментална улога во дипломатските напори, решавањето конфликти и

иницијативи за соработка во безбедноста, со цел да ги одржи и подобри мирот и стабилноста во регионот. Придонесот во КФОР, мисијата на НАТО во Косово и придонесот во ЕУФОР АЛТЕА, мисијата на ЕУ во БиХ се практичен доказ на нашата посветеност за одржување на безбедноста и стабилноста во нашето соседство и поширокиот регион.

## III.6 - НБИ: Чување и штитење на меѓународниот поредок заснован на правила во единство со НАТО и сојузниците, Европската Унија и партнерите

### III.6.1 - ГЦП: Поддршка на меѓународниот поредок базиран на правила

Предводена од Министерството за надворешни работи, поддржана од Министерството за одбрана и други надлежни институции, Републиката ќе спроведува политики кои ќе придонесуваат кон стабилноста и легитимитетот на меѓународниот поредок базиран на правила, што е од суштинско значење за нашата безбедност.

Републиката ќе игра активна улога во зачувувањето и заштитата на меѓународниот поредок базиран на правила во единство со НАТО и сојузниците, Европската Унија и партнерите со слично мислење. Усвојувајќи став како кредибилен фактор за безбедност во колективниот систем за безбедност, во согласност со Повелбата на ООН, Повелбата на ОБСЕ и во согласност со стратешките насоки и должности на НАТО, заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана ќе осигураат дека Републиката покажува подготвеност и способност да даде свој придонес кон чување и штитење на меѓународниот поредок базиран на правила.

### III.6.2 - ГЦП: Вклучување во јавна дипломатија

Министерството за надворешни работи во 2024 ќе продолжи со настаните од јавната дипломатија, со цел да ја потенцира важноста од зачувувањето и заштитата на меѓународниот поредок заснован на правила, важноста на членството во НАТО, пристапниот процес за ЕУ и планот за раст на ЕУ за Западен Балкан.

Во текот на ангажманот со јавната дипломатија, ќе ја искористи можноста да ја објасни важноста на стратешкото партнерство со одредени земји, особено со САД. Министерството

за надворешни работи ќе ја користи секоја можност за да присуствува на мултилатерални собири, настани и конференции за да ја крене свеста за важноста од зачувувањето и заштитата на меѓународниот поредок заснован на правилата, вредностите и начелата поддржани од ООН, ОБСЕ, НАТО и ЕУ и ќе работи со стратешките партнери за да ги спроведе своите обврски.

### III.6.3 - ГЦП: Вклученост во хуманитарни мисии и поддршка при природни кризи

Владата на Република Северна Македонија ќе побара одржливи опции за проактивно учество во глобалните напори за зачувување на мирот и хуманитарната помош, со што ќе ја потенцира нашата посветеност на светската стабилност и добросостојбата на заедниците, кои се под влијание на конфликти и природни катастрофи.

Успешното спроведување на овие политики и цели ќе доведе до видлива и динамична улога на меѓународната сцена, што се карактеризира со значителен придонес кон колективните напори за безбедност во рамки на соработка. Ова натаму ќе биде надополнето со силно присуство во хуманитарните мисии и мисиите за соработка, со што ќе се потенцира нашата посветеност кон глобалната стабилност и добросостојбата на погоденото население. Освен тоа, преку проактивен ангажман во регионалните работи, ние ефективно ќе ја промовираме и одржиме стабилноста, со што ќе поттикнеме средина во која ќе се негува мир, развој и соработка за безбедноста. Заеднички овие напори ќе нè дефинираат како одговорен партнер во обликувањето на побезбедна и постабилна меѓународна заедница.

## IV. Управување со националната безбедност

За да се имплементира Стратегијата за национална безбедност, да ги исполниме нашите обврски како членка на НАТО алијансата, брзо да одговориме на заканите за нашите граѓани, за нашата критична инфраструктура и за нашите трајни безбедносни интереси, Владата ќе назначи тим од експерти, под надлежност на премиерот, кој ќе преземе и изготови план за натамошно подобрување на функционирањето на сегашниот систем за управување со националната безбедност. Овој план ќе содржи појаснување во делот на надлежностите и нивоата на одлучување на институциите и ќе се обиде подобро да ги интегрира сите актери за националната безбедност во поддршка на рутинското и кризното одлучување. Реорганизацијата ќе се стреми да ги усогласи улогите и одговорностите; да

создаде овластени механизми за координација меѓу министерствата; да ги нормализира органите за одлучување и да воспостави одговорност за реализација на резултатите од националната безбедносна политика. Онаму каде сегашниот закон ги ограничува неопходните реформи, тимот од експерти ќе препорача законски измени или решенија во согласност со најдобрите практики на членките на НАТО. Откако ќе се реорганизира овој процес ќе се вклучи во целата Влада, односно сите министерства кои ќе создадат планови во својот ресор, за да ги идентификуваат предизвиците и прашањата поврзани со измени во политиката (или недостатокот од политика), да формулира и оцени опции и решенија, да подигне препораки на соодветно ниво за донесување одлуки, да донесува одлуки во согласност со одобрените органи и да ја надгледува одговорноста и спроведувањето на одлуките на Владата.

Оваа Национална стратегија ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# Индекс на кратенки:

**НАТО - Северноатланската договорна организација**
**ЕУ - Европска Унија**
**ОБСЕ - Организација за безбедност и соработка на Европа**
**ООН - Организација на Обединети Нации**
**САД - Соединети американски држави**
**БиХ - Босна и Херцеговина**
**РФ - Руска Федерација**
**НРК - Народна Република Кина**
**НСБ - Национална стратегија за безбедност**
**ГЦП - Главни цели на политиката**
**НБИ - национални безбедносни интереси**
**ОМУ - Оружје за масовно уништување**
**ХБРН материјалији - Хемиски, биолошки, радиоактивни и нуклеарни материјали**
**БДП - Бруто домашен производ**
**НРС - Националната развојна стратегија**
**ИКТ - информациски и комуникациски технологии**